Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 487 www.mchamber.mk 25.3.2022




## ДУАЛНИОТ МОДЕЛ НА ОБРАЗОВАНИЕ – РЕШЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАДАР ЗА УГОСТИТЕЛСКИОТ СЕКТОР ВО ВЕЛЕС

## ГРАДЕЖНИШТВОТО НЕ МОЖЕ ПОВЕЌЕ ДА ЧЕКА





## АЗЕСКИ ВО УСЛОВИ НА НАЈТЕШКАТА МУЛТИ КРИЗА ГИ ПОВИКА НА КОНСУЛТАЦИИ ТИМОТ ЖЕНИ, БИЗНИС ЛИДЕРИ

*БАЛКАНОТ ВО ПРАКСА: АЗЕСКИ И ЧАДЕЖ ВО КОНТРОЛА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ*

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители






Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# БАЛКАНОТ ВО ПРАКСА
## АЗЕСКИ И ЧАДЕЖ ВО КОНТРОЛА НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ



На денешната средба во Стопанската комора на Србија, Чадеж и Азески го поздравија поставувањето на таблата Отворен Балкан на граничниот премин Прешево-Табановце, која на компаниите кои имаат систем за овластување ОЕО им овозможува побрз транспорт и премин без одлагање.

„Целта на иницијативата „Отворен Балкан“ е да се забрза протокот на стоки и да се создаде единствен пазар на труд, што ќе создаде подобри деловни услови и ќе придонесе за поголем економски развој и подобар животен стандард“, се согласија Чадеж и Азески. Тие исто така посочуваат дека билатералната соработка меѓу двете земји и двете комори, како и регионалната соработка во рамките на Отворениот Балкан и Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан (КИФ ЗБ 6) е најдобриот начин да ги заштитиме нашите економии од глобалната криза предизвикана од ситуацијата во Украина. По повод обиколката на преминот, претседателите Чадеж и Азески ќе се сретнат и со бизнисмени од Србија и Северна Македонија.

Претседателите на двете комори истакнаа дека бизнис асоцијациите се секогаш отворени за поддршка на стопанствениците за успешно да се надминат сите деловни предизвици и што поскоро да се остварат предностите што ги нуди Отворениот Балкан.

Беше посочено дека малите и средни претпријатија (МСП) од Северна Македонија и Србија, составени од 30 избрани компании од земјоделско-прехранбената индустрија (со фокус на органското производство и циркуларната економија), ќе бидат дел од заедничката делегација на Бизнисмени од Западен Балкан Мостар од 5 до 7 април.

Иницијативата за поинтензивна соработка на Западен Балкан во 2019 година ја покренаа тројца лидери - српскиот претседател Александар Вучиќ и премиерите на Албанија и Северна Македонија Еди Рама и Зоран Заев со цел слободно движење на стоки, услуги, луѓе и капитал. според моделот на ЕУ. Иницијативата покрената под името Мини Шенген е преименувана во Отворен Балкан и отворена е покана за сите во ЗБ да и се придружат.

# ГРАДЕЖНИШТВОТО НЕ МОЖЕ ПОВЕЌЕ ДА ЧЕКА



Состојбата во градежната индустрија е алармантна, а поскапувањата на градежните материјали и енергенсите веќе го доведуваат во прашање опстанокот на градежните компании. Итно е потребно да се разгледаат покренатите иницијативи и надлежните институции да се заложат за надминување на проблемите со цел компаниите од оваа стопанска гранка да ја пребродат кризата. – апел упатен на одржаната седница на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите.

Економските индикатори за Бруто – домашниот производ ја потврдуваат незавидната положба во која се најде градежништвото по почетокот на пандемијата. Според волуменските индекси кај бруто-домашниот производ според производниот метод, секторот бележи пад во последните две години и тоа од 4% во 2020 година споредено со 2019 година, односно 3,8% во 2021 година споредено со 2020 година. Она што особено загрижува е и намалувањето на бројот на вработени од 1,4% споредено со 2020 година, односно 2,6% споредено со 2019 година, ниската реализација и бавното администрирање на капиталните проекти, како и континуираното намалување на присуството на домашната градежна оператива на странските пазари.

Негативните ефекти од пандемијата на кои се надоврзаа здравствената, економската и енергетската криза континуирано се продлабочуваат што го прави неизвесно деловното опкружување и планирањето на деловната активност. Постојаното менување на цените на материјалите на светските берзи доведуваат до често раскинување на договорите со добавувачите и до неможност за одржливост на цените дадени во понудите од страна на производителите на градежни материјали, но и на изведувачите особено во тендерските постапки. Поради тоа градежниците алармираат дека е неопходно да се разгледаат компаративните искуства (пр.Хрватска) и итно да се донесат мерки со кои ќе се овозможи ревидирање на договорите за јавни набавки од страна на договорните органи во соработка со договорните страни. За таа цел, градежниците веќе имаат предложено конкретни мерки и имаат иницирано средби со надлежните институции, а своите барања доколку не изнајдат конкретни решенија во соработка со институциите се подготвени да ги презентираат и во јавноста.

Во рамки на седницата се дискутираше и за избор на нов член на Управниот одбор и за вршење на оваа функција беше избран г-дин Никола Наумов од ГРАДБА ПРОМЕТ, Кавадарци.



# ПРЕТСТАВНИЦИ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА ВИК МАКЕДОНИЈА





Претставници од Стопанската комора на Северна Македонија оствария работна посета на ВИК Македонија, при што се сретнаа со дел од менаџментот и направија обиколка на производствените погони со цел да се запознаат со тековните проекти на компанијата, но и со самите производствени процеси.

Во рамки на посетата се разговараше за деловниот амбиент по почетокот на здравствено економската криза, планираните проекти на компанијата, инвестициските активности и плановите за натамошен раст и развој, како и за коморските активности и барањата до надлежните институции за поддршка на членките во услови на криза иницирани преку Асоцијацијата на странски компании со технолошки напредно производство во рамки на Советот на странски инвеститори. Се покрена и прашањето за обезбедување на стручен кадар во однос на кое ВИК Македонија е една од компаниите кои претставуваат позитивен пример за развој стручното образование и обука и кои активно се залагаат за нивна промоција преку земање ученици на пракса во компанијата.

Германската компанија ВИК е основана во Германија во педесеттите години на минатиот век како производител електрични апарати/уреди наменети за домаќинствата и поседува неколку погони ширум светот вклучувајќи ги и Индонезија и Кина со над 2.000 вработени. Од основањето до денес, ВИК развива системски решенија и има произведено широка палета на производи. Благодарение посветениот кадар и флексибилноста да ги прилагоди услугите на потребите на деловните клиенти, ВИК се трансформира во глобален партнер за развој и производство за многу водечки меѓународни брендови.

Фабриката во Прилеп вработува околу 350 лица со тенденција за пораст на инвестициите и бројот на вработени. Погоните се изградени по највисоки стандарди и располагаат со машини за сериско производство на сите компоненти на електричните апарати кои ги произведува фабриката и кои тука и се склопуваат и подготвуваат за испорака како финални производи.

# АВТОМОБИЛСКИОТ СЕКТОР НЕМА ДА ОСТАНЕ ИМУН НА ЕФЕКТИТЕ ОД ГЛОБАЛНИТЕ СЛУЧУВАЊА И ЗДРАВСТВЕНО – ЕКОНОМСКАТА КРИЗА




Претставници од Стопанската комора на Северна Македонија ја посетија компанијата „Инџекшн Молдинг – Прилеп“ каде оствариja работна средба со Мери Ангелеска, менаџер на фабриката. Тема на средбата беше влијанието на здравствено економската криза и ефектите на глобалните случувања врз автомобилскиот сектор.

Беше посочено дека во моментот најбитен е опстанокот на компаниите од секторот каде состојбата од крајот на претходната година е неизвесна, а глобалниот систем на производство и начинот на кој функционираат ланците на снабдување оневозможуваат долгорочно да се предвиди деловниот амбиент и да се планира деловната активност. Дополнително, беше дискутирано и за одреднеи мерки поврзани со царинското работење и регулативата кои би можеле да го поедностават работењето и да ги зголемат ефикасноста и ефективноста на компаниите.

Германската компанија „Акомпласт“ е специјализирана за пластично моделирање на автомобилски делови и истата користи најсовремена технологија. Освен во Германија, компанијата има фабрики во Англија и Чешка. Во 2017 година компанијата и официјално ја започна својата инвестиција во Технолошко- развојната зона Алинци, Прилеп, во износ од €3 милиони.

Преку компанијата - ќерка „Инџекшн Молдинг – Прилеп“ денес произведува широка палета на производи, пластично моделирани делови за познати компании од автомобилската индустрија како што се Daimler, BMW, Audi, Bentley и Jaguar. Компанијата има капацитет и за проширување на палетата на производи надвор од автомобилската индустрија и за обликување на разни видови пластични производи со вбризгување на загреан материјал во калап по нарачка на клиентите.



# ВЕРИФИКУВАНА КОМПАНИЈА ЗА ПРАКТИЧНАТА ОБУКА – ПРЕДУСЛОВ ЗА СОЗДАВАЊЕ КВАЛИФИКУВАН СТРУЧЕН КАДАР

Веќе подолг период, значително е подигната свеста за важноста на човечките ресурси, како и вклучувањено на бизнис заедницата во образованието, преку овозможување на практична настава на учениците од средното образование. Голем дел од реалниот сектор во Република Северна Македонија го препознаа овој факт и склучија меморандуми за соработка со средните стручни училишта и на учениците им се овозможи практичниот дел од наставата да го реализираат во компаниите. Од друга страна на компаниите им се овозможи преку Стопанската комора на Северна Макеодонија да обучат стручно лице - ментор кој ќе ги води учениците низ целиот процес во компанијта и да се верифицираат како компанијата за изведување на практична настава.

Една од компаниите, активна членка на Комората, која се вклучи во овој процес е Рудник Саса ДООЕЛ Македонска Каменица, која континуирано вложува и придонесува за подобрување на квалитетот на стручното образование и има потпишан меморандум за соработка со СОУ„МИЛЕ ЈАНЕВСКИ ЏИНГАР“ МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА, а на пракса доаѓаат учениците кои се запишани на струките: геолошко, рударска, металуршка и машинска.

САСА е најголемиот рудник со подземна експлоатација во Република Северна Македонија. Тоа е рудник за олово и цинк што се наоѓа во северо-источниот дел на земјата, на само 12 километри северно од Македонска Каменица.

Почнувајќи од 1966-та година САСА е срцето на заедницата и обезбедува вработување за за голем дел од локалното население и помага при обезбедување на средства за финансирање на локални проекти и иницијативи.

Од 2017 година, Рудник Саса е во сопственост на интернационалната компанија Централ Азија Металс. Сопствениците на Рудник Саса се долгорочни инвеститори кои веруваат дека сите треба да имаат бенефит од успесите на рудникот. Централ Азија Металс исто така има погон за бакар во Казахстан.

САСА е свесна за својата одговорност и постојано им пружа поддршка на локалните заедници, а истовремено е горда на позитивното влијание што го има врз развојот на заедницата.

Практикантите, кои воедно се и нивни потенцијални вработени, при практичната обука ги имаат на располагање сите нивни капацитети, соодветни простории, опрема, како и стручно обучен кадар кој непречено се грижи за нивната практична обука како дел од наставната програма. Практичната работа во компанијата им овозможува на средошколците стекнување со вредно знаење за процесите на еден огромен рударски комплекс, каде што се застапени речиси сите видови на технички и технолошки процеси, со примена на современи методи и богато искуство на постоечкиот персонал, на тој начин подготвувајќи ги за нивниот иден работен ангажман.

# АЗЕСКИ ВО УСЛОВИ НА НАЈТЕШКАТА МУЛТИ КРИЗА ГИ ПОВИКА НА КОНСУЛТАЦИИ ТИМОТ ЖЕНИ, БИЗНИС ЛИДЕРИ



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија оствари средба со истакнати жени претприемачи, бизнис лидери, сопственици на компании членки на Комората. Се разговараше за исклучително сериозната економска состојба која добива размери на мулти криза, со сериозна непредвидливост и неизвесност како резултат на глобалните случувања. Заеднички беше констатирано дека за надминување на амбиентот во кој функционира домашната економија потребно е сите да ги засукаме ракавите, да се обединиме во нова Алијанса за поддршка на државата во справување со мулти кризата со акцент на неколку приоритети. Приоритетно е потребно преземање чекори во образованието, администрацијата, со итно поврзување и дигитализација на процесите на министерствата во една целина, и решавање на проблемот со корупцијата.

Активностите кои сега би се преземале може да помогнат во интервентно надминување на состојбите што секој ден како нови проблеми се појавуваат во работењето на компаниите, но структурното поставување на промените во државата ќе бидат основ за сериозно и правилно справување со криза во некои следни периоди.

Во изминатите 10-тина дена од страна на стручната служба на Комората реализирана е комуникација со над 160 компании кои укажуваат на следните проблеми.  Голема неизвесност и проблеми поради драстичниот раст на цените на градежните материјали на глобално ниво кои се менуваат од ден на ден што го доведува во прашање склучувањето и реализацијата на договорите за јавни набавки. Проблемот со енергенсите и сложени постапки за инвестирање во фотоволтаици. Поради технички пропусти кои не зависат од самите компании во реализација на обврските (се активираат меници на компании кои аплицирале за финансиска поддршка во рамки на Јавниот повик за финансиска поддршка за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти во текот и во пост КОВИД 19 периодот објавен од Министерството за економија. СЕ бара поддршка за замрзнување или одлагање на каматните побарувања по примерот на ковид кризата, да се укинат сите ограничувања во однос на сертификатите за слободна посета на угостителските објекти, ПЦР тестови за странски туристи за влез во државата, за да се поттикне раст во секторот туризам и угостителство и во повеќе врзани сектори на кои туризмот има директен и индиректен позитивен ефект.  Итна  потреба за корекција на ЗРО за недела неработен ден, намалување на притисокот од интензивните инспекциски контроли кои на места го оптоваруваат и онака сложеното работење и опстојувањето на компаниите и сл..

Размислувањата и предлозите на истакнатите жени претприемачи, менаџери на сериозни позиции во македонските компании е од особено значење во вака сложени услови на водење бизнис бидејќи потврдена е улогата и моќта на носење успешни одлуки од жените како бизнис лидери. Тоа го покажува и учеството на жените во структурите и формите на делување на Комората кои се присутни со над 25%, и 65% во апаратот на Комората.

# Текстилните компании имаат зголемени нарачки од странските партнери



Пазарите во Европа се отворија по коронакризата, по што македонските текстилни компанија бележат зголемени нарачки од странските партнери истакнува Ангел Димитров претседател на Здружението на текстилната и кожарската индустрија при Стопанската комора на Северна Македонија.

Барањата на странските компании се толку големи што во моментов тешко може и да се задоволат, од причина што лани во текстилниот сектор е намален и бројот на вработени. Моментално се повеќе се бараат текстилните производи, но доаѓа проблемот со порастотот на цените на енергенсите, електрична енергија, што ја плаќаме на слободен пазар, која е четири пати поскапа. Македонските текстилни компании од странските партнери бараат повисоки цени на производите кои ги шијат, но ова зголемување не го следи растот на трошоците. Прашањето е колку нашите партнери можат да ги покачат нашите услуги, цени за да ние ги покриеми тие трошоци, каде не е работа само да работите, ако создавате само загуба една или две години, после тоа не можете да функционирате, вели Димитров. Анализите колку ќе влијае зголемувањето на минималната плата во текстилниот и кожарскиот сектор ќе се прават кон крајот на месецот, кога ќе се спремаат мартовските плати за исплата на работниците.

Исто така текстилните компании се соочуваат со проблемот тоа што работниците им се на возраст од над 45 години, а младите не се зиантересирани да работат во овој сектор, а тоа се гледа и во бројот на запишани ученици во стручните училишта.



# ДУАЛНИОТ МОДЕЛ НА ОБРАЗОВАНИЕ – РЕШЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАДАР ЗА УГОСТИТЕЛСКИОТ СЕКТОР ВО ВЕЛЕС

Недостигот од стручен кадар со квалификации готвач и келнер е главниот проблем со кој се соочуваат фирмите од угостителскиот сектор во Велес. Сопствениците на хотелите и на ресторантите сметаат дека тоа многу влијае врз нивната продуктивност и врз развојот на нивната дејност, а истовремено е ограничувачки фактор за нивните инвестирања и идни планови за развој.

Стопанската комора на Северна Македонија, како мост помеѓу образованието и бизнис-заедницата, чија цел е насочена кон создавање кадар за потребите на бизнис-заедницата, организираше состанок со стопанствениците од угостителскиот сектор од Велес, за да се изнајде заедничко решение за надминување на овој проблем. На состанокот со менаџерите на 10 фирми од овој сектор присутни беа и Даниела Василевска-Михајловска, менаџер за услужниот сектор во Стопанската комора и координатор на Здружението за угостителство и туризам; м-р Наташа Јаневска, експерт во Комората за сегментот образование; Чедомир Димовски, советник од Центарот за стручно образование и обука и педагогот од Средното стручно училиште „Коле Неделковски“ од Велес.

Во рамките на дискусијата беше посочено дека Комората секогаш им излегува во пресрет на своите членки за изнаоѓање заеднички решенија. Во таа насока, покрај брзите обуки за преквалификација преку неформалното образование, во многу краток рок компаниите може да дојдат до посакуваниот кадар и преку формалното образование, преку дуалниот модел, на чија примена Комората активно работи многу години наназад, како најефикасен начин за обезбедување кадар за потребите на бизнисот, посочи Даниела Михајловска-Василевска.

Градење заеднички партнерства во образовниот процес, во кој стручното училиште обезбедува теоретски знаења, а компанијата практични вештини, компетенции и работни навики, кои се програмираат според карактерот на квалификацијата, и овозможува применливост на теоретското знаење, истакна м-р Наташа Јаневска. На претставниците од фирмите им ја презентираше и постапката за вклучување во дуалниот модел на образование и разликата меѓу моделот учење преку работа, во кој досега биле вклучени. Посебен акцент стави врз сертифицираните ментори во компаниите, искусни вработени лица во фирмите, кои се надлежни за учениците кои реализираат практичната обука во фирмите, за да ги водат учениците низ работниот процес и за да им го пренесат своето знаење и искуство, како и врз верификацијата на фирмата за реализација на практичната обука. Сертификацијата на менторите и верификацијата на фирмата ги врши Комората. За сертифицирање на менторите Комората организира тридневна обука, за која менторите добиваат сертификат, а комисија формирана од Комората проверува дали фирмата ги исполнува условите за вршење практична обука, за која издава решение за верификација на фирмата.

Советникот од Центарот за стручно образование и обука ја објасни постапката за развивање нови образовни програми и модули за стекнување квалификации според нивните потреби. Од училиштето „Коле Неделковски“ се отворени за соработка и веќе имаат доставено барање за отворање една ваква дуална паралелка, но, според потребите на бизнисот од овој сектор, потребно е отворање две вакви дуални паралелки.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Онлајн семинар**

**29.03.2022**

# ЕФИКАСНИ ТИМОВИ И УПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТИ СО DISC FLOW МЕТОДОЛОГИЈАТА

Знаете ли дека еден од најголемите трошоци на кои директно можете да влијаете се оние произлезени од неефикасна комуникација и конфликти во тимот? Начинот на кој вработените градат реалации, се поддржуваат во реализацијата на задачите и се справуваат со конфликтите е критичен фактор за успехот на секоја компанија. Во ситуација кога сите сме соочени со брзи промени и предизвици од секакво вид, клучна е стабилноста на тимот и способноста на вработените меѓусебно да се надополнуваат, да се разбираат и полесно да се прилагодуваат на надворешните промени.

Потребата од нови, разбирливи и ефикасни алатки и пристапи никогаш не била поголема. Како да се пристапи кон вработените за да се креира и раководи тим кој ќе работи усогласено и континуирано ќе постигнува резултати? Како да се искористат различните стилови и потреби во комуникацијата, за креирање синергија во тимот? Најчесто поаѓаме од тоа што нам ни е потребно и пристапите кои лично ги сметаме за правилни. Дали е декогаш тоа најдобриот пат? Поговорката: „Не прави го на другиот тоа што не сакаш да ти го прават“ во комуникацијата и управувањето со тимови гласи: „Дознај што им значи на луѓето околу тебе и комуницирај на начин кој тие го вреднуваат!”. Интернационалната методологија на DISC Flow овозможува полесно разбирање на својот комуникацикси стил, како и стиловите со кои доминантно комуницираат членовите во тимот. Со прилагодувањето кон овие стилови, значително се намалуваат конфликтите и се подобрува продуктивноста на работното место.

Со намера да понуди дополнителни пристапи и ресурси за ефикасно управување со тимови,Стопанската комора на Северна Македонија на 29 март 2022 година организира „он-лајн“- еднодневен семинар на тема: ЕФИКАСНИ ТИМОВИ И УПРАВУВАЊЕ СО КОНФЛИКТИ СО DISC FLOW МЕТОДОЛОГИЈАТА која ќе се фокусира на оваа важна тема за обезбедување стабилен и одржлив развој на секоја организација.

**Сите заинтересирани за учество да се пријават најдоцна до 24 март 2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3335&lng=1



**Форум**

**30.03.2022**

# БИЗНИС-ФОРУМ ЗА ПАТНАТА И ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Стопанската комора на Северна Македонија и Трговското одделение при Австриската амбасада во Скопје на заедничка иницијатива организираат Македонско-австриски бизнис-форум и Ве поканува да учествувате.

Основната цел на иницијативата за Бизнис-форумот е да се поттикне заедничката соработка меѓу реномираните австриски компании и македонските државни институции од областа на патната и на железничката инфраструктура, со можност за видливи, применливи и практични решенија.

Со цел интензивирање на економската соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Австрија, на Форумот свое обраќање ќе имаат претставници од државните институции, кои ќе ги презентираат актуелните и идни проекти од патната и од железничката инфраструктура.

Презентацијата и деловните средби ќе се одржат на 30 март 2022 година (среда), со почеток во 11:30 часот, во Стопанската комора на Северна Македонија, сала 4 на петти кат.

Сите заинтересирани учесници своето присуство може да го потврдат со пополнување на пријавниот лист најдоцна до 29.3.2022 (вторник).

Контакт-лице: Ивана Крстевска, тел: 3244-051, електронска адреса: ivana@mchamber.mk

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3357&lng=1

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

ADVANTAGE AUSTRIA WKO






Онлајн семинар

29.03.2022 - 30.03.2022

# СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

Со цел зајакнување на врските помеѓу пазарот на труд и вештините на младите што се развиваат преку образовниот систем, неопходно е зајакнување на соработката помеѓу работодавачите и училиштата. Се` поголем е интересот на компаниите да обучат ученици - идни вработени согласно нивните потреби, а идните учениците да се стекнат со соодветни вештини, да бидат поконкурентни на пазарот на труд и да најдат соодветно вработување согласно стручната подготовка.

Согласно законската регулатива, а и Вашиот искажан интерес за вклучување во процесот на практично обучување на ученици - дуалното образование, врз основа на кој беше подготвен конкурсот за упис на ученици во стручните училишта, неопходно е да имате обучено лице – ментор кое ќе ги води учениците низ процесот на практичната работа во компанијата. Со постоењето на обучени ментори во компании ќе се подобри квалитетот на соработката со училиштата и ќе се постигне поефективна практична обука на учениците.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Министерството за образование и наука го отпочнува процесот на сертифицирање на ментори во вашите компании и верификација на институции со предавачи кои се советници од Центарот за стручно образование и обука кои воедно се и носители на работната група за изработка на оваа програма: м-р Бранко Алексовски, м-р Роза Арсовска и м-р Зоран Јовчевски.

Ве информираме дека тридневната обуката за лицето - ментор од вашата компанија ќе се одржи од 29-31.3.2022 година и за таа цел Ве молиме навремено да ни ја доставите пополенета пријавата која Ви ја доставуваме во прилог.

По завршување на процесот на сертификација на ментор, започнува процесот на верификација на вашата компанија за практична обука (сертифицираниот ментор е еден од критериумите за верификација).

Информации за организираноста на обуката:

•времетраење на обуката: три дена во траење од вкупно 22 часа;

•по завршување на обуката, кандидатите ќе се стекнат со Сертификат за успешно завршена стручно-дидактичка обука на обучувачите од работодавачите кај кои се реализира практичната обука, издаден од Стопанската комора на Северна Македонија и Центарот за стручно образование и обука;

•обезбеден работен материјал;

**Последен рок за пријавување е 25 март 2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3343&lng=1



Семинар

30.03.2022

# НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ ЗА ПИВОТ ТАБЕЛИ

Пивот табелите во Ексел спаѓаат во најважните алатки во деловното планирање, микроекономската анализа и носењето на одлуки. Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме пивот табелите, бидејќи тие се дел од најважните алатки за носење на деловни одлуки.

Обуката е наменета за сите оние коишти сакаат да научат како да:

-Препознаваат ситуации во кои примената на пивот табелите може да помогне во процесот на одлучување;

-Да спроведуваат едноставна анализа во пракса користејќи MS Excel и на тој начин да издвојуваат дополнителни информации од собраните податоци;

-Интерпретираат различни нумерички податоци прикажани во деловните извештаи или критички да пристапат во вреднувањето на статистичките податоци пред носењето на деловни одлуки.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство. Во својата долгогодишна универзитетска кариера бил на раководни факултетски и универзитетски позиции како Ректор на Европскиот универзитет – Република Македонија, Проректор на Европскиот универзитет – Република Македонија и Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, декан на Економски факултет при Европскиот универзитет – Република Македонија, визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Универзитетот “Свети Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот во Валенсија. Покрај универзитетската кариера предава на обуките за брокери и за инвестициски советници организирани од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија. Успешно раководи со првата бизнис клиника во нашата земја “Business Clinic DB”.

Повеќе од 20 години реализира обуки за бизнис секторот во земјата и во странство.

Автор е на голем број универзитетски учебници и научни трудови објавени во списанија индексирани во реномирани бази на податоци.

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3337&lng=1

Саем

31.03.2022

# СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР (МЕНТОРИ) ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ

Стопанската комора на Северна Македонија како дел од Коморскиот инвестициски форум, во соработка со Стопанската комора на Србија, Ве поканува да го користите Српскиот деловен центар (Business hub) како можност за остварување деловни контакти со компании кои се дел од најголемиот светски саем во Дубаи, „DUBAI EXPO 2020", што се одржува од октомври 2021 до крајот на март 2022 година.

Српскиот деловен центар (Business hub) беше отворен на почетокот на месецот, а во наредните шест месеци, покрај компаниите од Република Србија, деловниот центар (Business hub) на Стопанската комора на Србија, ќе можат да го користат и компаниите од Република Северна Македонија, овозможувајќи им пристап до простор за презентации на нивните производи и услуги како и организирани деловни состаноци со потенцијални партнери.

Примарната цел на Српскиот деловен центар (Business hub) е да им овозможи на бизнисмените што подобри услови за учество на овој светски собир овозможувајќи им на компаниите максимална поддршка. Деловниот центар е целосно опремен и обезбедува техничка, логистичка, комуникациска и репрезентативна поддршка за бизнисмените за време на нивниот престој во Дубаи. Деловниот центар е отворен секој работен ден (недела - четврток) од 9.00 - 18.00 часот за времетраење на саемот (1 октомври 2021 година - 31 март 2022 година). За секоја бизнис делегација ќе бидат креирани посебни програми, во согласност со спецификите и активностите на членовите на делегацијата.

**Условите за влез како и цените на билетите за посета на саемот, можете да ги најдете на следниот линк https://www.expo2020dubai.com/en/tickets-and-merchandise/tickets.**

*https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3289&lng=1*



Семинар

31.03.2022

# ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДЕЈСТВИЈА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 31 март 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Задолжителни дејствија во постапката за престанок на договорот за вработување, избегнување на некои од најчестите пропусти поврзани со отказот, можност и потреба за спроведување на дисциплинска постапка".

Престанокот на работниот однос, како момент кој често знае да означува своевиден судир на интересите помеѓу работодавачот и работникот, може да креира бројни дилеми и несигурности, и неретко резултира со несакани последици.

Заради разјаснување на сите подробности поврзани со начините на престанок на договорот за вработување и нивното применување, на оваа работилница ќе се дискутира за законската поставеност на престанокот на работниот однос, при што почнувајќи од начините за престанување на договорот за вработување, па сѐ до сложените елементи на отказот, ќе се разјаснат сите поединости на институтот.

Ќе се разговара за спогодбен престанок на работниот однос, наспроти неговиот престанок по волја на една од договорните страни преку отказ од страна на работникот или од страна на работодавачот. Во поглед на отказот од работодавачот, особено ќе се анализираат основите за отказот, а особено лични причини и причини на вина.

Ќе се дискутира и по однос на прашањата за отказните рокови, суспензијата од работа, како и паричната казна наместо отказ.

Работилницата ќе обезбеди и севкупно информирање на слушателите за сите аспекти на дисциплинската постапка, условите и методите за нејзино спроведување, последователните дејствија по нејзиното заклучување, а ќе биде потенцирана и важноста од подготовката и примената на интерен акт за дисциплинска постапка.

Предавач:

- Викторија Спасовска – Симоноска, адвокат, предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право;

*https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3345&lng=1*

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088